АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# Насоки за идентификација на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

март, 2017 година

# *Вовед*

Овој документ обезбедува основни насоки за утврдување критериуми според кои одредена аудиовизуелна услуга ќе се смета дека претставува „аудиовизуелна медиумска услуга по барање".

За таа цел, подолу се претставени начините на коишто аудиовизуелните медиумски услуги по барање се дефинирани во Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги 2010/13/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот на Европската Унија и во домашната регулатива, односно во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Основните критериуми за идентификување на овие услуги се извлечени од дефинициите утврдени во нив, но имајќи го предвид брзиот развој на оваа индустрија, неразумно е да се исклучи можноста дека во блиска иднина ќе се јави потреба од нивно редефинирање.

Исполнувањето на утврдените критериуми ќе значи дека услугата претставува „аудиовизуелна медиумска услуга по барање", а со тоа и дека потпаѓа под одредена регулација. За овие услуги се применува поблаг облик на регулација отколку за линеарните аудиовизуелни медиумски услуги (радио и телевизија). Поточно, поради поголемата можност за избор и контрола што ја имаат корисниците при уживањето на овие услуги, регулативата за аудиовизуелните медиумски услуги по барање ги вклучува само правилата за основна заштита на јавниот интерес, како што се на пример заштита на малолетниците, поттикнување на културната разновидност и спречување говор на омраза. Од истите причини, за обезбедување на овие услуги не е потребно да се добие дозвола, туку давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање дејноста ја вршат само врз основа на претходно регистрирање.

# *Директива за аудиовизуелни медиумски услуги 2010/13/ЕУ*

Основната регулаторна рамка за аудиовизуелните медиумски услуги по барање беше утврдена со донесувањето на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги[1] (во понатамошниот текст „Директивата") во 2007 година. Во следните две години, а најдоцна до 19-ти декември 2009 година, земјите-членки имаа обврска да ја имплементираат во националното законодавство, а во 2010 година Директивата беше кодифицирана. Овој документ обезбедува регулаторна рамка како за „традиционалните" линеарни телевизиски сервиси, така и за „новите" нелинеарни сервиси, односно за аудиовизуелните медиумски услуги по барање.

Директивата препознава дека тие, заедно со линеарните телевизии, претставуваат значајна можност за зголемување на вработувањата во Унијата, особено во малите и средните претпријатија, а истовремено ги поттикнуваат економскиот раст и инвестициите. Во овој контекст, а за да се обезбеди транспарентност и предвидливост на пазарите за аудиовизуелни медиумски услуги и да се постигнат ниски бариери за влез, треба да се почитуваат основните принципи на внатрешниот пазар (слободната конкуренција и еднаквиот третман). Сето ова е нужно за да се обезбедат еднакви услови за сите и вистински европски пазар за аудиовизуелните медиумски услуги (рецитал 10).

Од друга страна, а за да се избегнат нарушувања на конкуренцијата, да се подобри правната сигурност, да се помогне комплетирањето на внатрешниот пазар и да се олесни создавањето единствено информатичко подрачје, е нужно да постои барем основно ниво на усогласени правила што ќе важат за сите аудиовизуелни медиумски услуги (и за телевизиското емитување и за аудиовизуелните медиумски услуги по барање).

---

[1] Директивата 2010/13/ЕУ на Европскиот парламент и Советот на Европската Унија за координација на одредени одредби утврдени со закон, регулатива или административна акција во земјите-членки, а во врска со обезбедувањето аудиовизуелни медиумски услуги – Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, е достапна на следниот линк: http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2010:095:0001:0024:en:PDF

Според членот 1 од Директивата, *„аудиовизуелна медиумска услуга по барање (т.е. нелинеарна аудиовизуелна медиумска услуга) претставува аудиовизуелна медиумска услуга што ја обезбедува давател на медиумски услуги, за гледање програми во момент одбран од корисникот и по негово индивидуално барање, врз основа на каталог на програми избрани од страна на давателот на медиумската услуга*".

Оваа дефиниција упатува на дефиницијата на аудиовизуелните медиумски услуги, коишто според членот 1 од Директивата претставуваат (1) **услуга** дефинирана според членовите 56[2] и 57[3] од Договорот за функционирање на Европската Унија[4], која е под (2) **уредничка одговорност на давател на медиумска услуга** и чија (3)**првенствена намена** е (4)**снабдувањето програми** за да ја (5) **информира, забавува и едуцира** (6) **пошироката јавност** преку (7) **електронски комуникациски мрежи** во смисла на член 2 од Директивата 2002/21/ЕЗ[5]. Таква аудиовизуелна медиумска услуга е или телевизиско емитување или аудиовизуелна медиумска услуга по барање.

---

[2] член 56:
Во рамките на одредбите изложени подолу, забранети се ограничувања на слободата на обезбедување услуги внатре во Унијата во однос на државјаните на земјите-членки кои се основани во земја-членка која не е земјата на лицето за кое се наменети услугите.

Европскиот Парламент и Совет, делувајќи во согласност со вообичаената законодавна постапка, можат да ги прошират одредбите на Поглавјето за истото да вклучува и државјани на трета земја кои обезбедуваат услуги и кои се основани во рамките на Унијата.

[3] член 57:
Услугите ќе се сметаат за 'услуги' во смислата дефинирана во Спогодбите, онаму каде што вообичаено се даваат за надомест, доколку не се регулирани со одредбите кои се однесуваат на слободата на движењето на стоки, капитал и лица.
'Услугите' особено вклучуваат:
(а) дејности од индустриски карактер;
(б) дејности од комерцијален карактер;
(в) занаетчиски дејности;
(г) професионални дејности.
Не доведувајќи ги во прашање одредбите на Поглавјето што се однесува на правото на основање, лицето што обезбедува услуга може, за да го прави тоа, привремено да ја остварува својата дејност во земјата-членка каде што се дава услугата, под истите услови кои таа земја ги пропишала за сопствените државјани.

[4] Договорот за функционирање на Европската Унија е достапен на следниот линк: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX: 12012E/TXT&from=EN

[5] Директивата 2002/21/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот за заедничка регулаторна рамка за електронските комуникациски мрежи и услуги е достапна на следниот линк http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32002L0021&from=en

Оттука произлегува дека за да се утврди дали услугата е аудиовизуелна медиумска услуга по барање, во рамките на значењето на Директивата, треба кумулативно и истовремено да бидат исполнети следните критериуми:

1. **мора да има достапна услуга, дефинирана според членовите 56 и 57 од Договорот за функционирање на Европската Унија;**
2. **услугата мора да биде под уредничка контрола на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги;**
3. **примарната цел на услугата мора да биде обезбедување аудиовизуелни програми;**
4. **обезбедувањето аудиовизуелни програми да биде со цел да ја информира, забавува или едуцира пошироката јавност;**
5. **услугата мора да се обезбедува преку електронски комуникациски мрежи и**
6. **корисникот мора да има можност да ја гледа услугата во времето кога тој/таа ќе избере и на индивидуално барање, врз основа на каталог од програми селектирани од страна на давателот на медиумската услуга.**

## КРИТЕРИУМ 1.

## да има достапна услуга, дефинирана според членовите 56 и 57 од Договорот за функционирање на Европската Унија

Ова значи дека, како што е утврдено во членот 57 од Договорот за функционирање на Европската Унија, услугите треба:

- **да бидат обезбедени за одреден надоместок**, независно дали за услугата плаќаат гледачите или пак трети страни. Во праксата, а во зависност од бизнис моделот, ова може да значи дека:
  - услугата е со слободен пристап за корисниците, односно е достапна без плаќање, а се финансира преку рекламирање, спонзорства или други форми;
  - пристапот до услугата е условен со поединечно плаќање за секоја програма/pay-per-view;
  - услугата се користи по претходно извршена претплата, при што пристапот до неа може да биде лимитиран, и тоа или временски (на пример кога за фиксен месечен надоместок на корисниците им се дава неограничен пристап до широк опсег на програми) или според бројот на пристапи до услугата (на пример, кога за фиксна уплатена сума, содржината може да се гледа одреден број пати), а понекогаш и како комбинација на овие две (на пример одредена програмска содржина може да се гледа најмногу десет пати во период од еден месец).
- **да имаат комерцијален карактер** (услугата треба да претставува економска активност која на пазарот се натпреварува со други услуги). Како што е наведено во рециталот 21 од Директивата, дефиницијата на аудиовизуелна медиумска услуга опфаќа која било форма на економска активност, вклучувајќи ги и оние на јавните сервиси, но не и оние активности коишто примарно се неекономски и коишто не се во конкуренција со телевизиското емитување, како на пример приватните веб страници и сервисите кои се состојат од обезбедување или дистрибуција на аудиовизуелни содржини генерирани од приватни корисници за споделување и размена во рамки на одредени заедници од интерес.

## КРИТЕРИУМ 2.

## услугата да биде под уредничка одговорност на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги

Овој критериум упатува на исполнување на следните два предуслови:

- **постоење уредничка одговорност** – Концептот на уредничка одговорност е од суштинско значење за дефинирање на улогата на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги, а оттука и за дефинирањето на аудиовизуелните медиумски услуги (рецитал 25). Според членот 1 од Директивата, уредничката одговорност значи *"спроведување ефикасна контрола над изборот на програми и нивно организирање било во хронолошки редослед, како што е случајот кај телевизиското емитување, или во каталог, како што е случајот кај аудиовизуелните медиумски услуги по барање..."*. Значајноста на овој концепт особено се огледува во фактот што тој претставува еден од предусловите за одредена услуга да се смета дека претставува аудиовизуелна медиумска услуга по барање. Ова значи дека оние услуги коишто по својата природа немаат лице што врши уредничка контрола (како што на пример е Youtube каналот) не се сметаат за аудиовизуелни медиумски услуги по барање, и

- **услугата да ја нуди давател на аудиовизуелна медиумска услуга** – Според Директивата, *„давател на аудиовизуелна медиумска услуга е физичко или правно лице кое ја има уредничката одговорност за изборот на аудиовизуелната содржина на аудиовизуелната медиумска услуга и одлучува за начинот на којшто таа е организирана"*. Оваа дефиниција не ги опфаќа физичките или правните лица кои само пренесуваат програми за коишто уредничката одговорност ја имаат трети страни (рецитал 26).

## КРИТЕРИУМ 3.

## главната цел на услугата да биде обезбедување аудиовизуелни програми

- **примарна цел -** Дефиницијата на аудиовизуелните медиумски услуги, за потребите на оваа Директива, ги опфаќа медиумите во нивната функција да ја информираат, забавуваат и едуцираат пошироката јавност, а треба да ги вклучува и аудиовизуелните комерцијални комуникации. Притоа, не вклучува каква било форма на приватна комуникација (електронска пошта до ограничен број на приматели) и сите услуги чијашто примарна цел не е обезбедување програми, односно кај коишто аудиовизуелната содржина е само инцидентна, а не примарна цел на услугата (на пример, веб страници коишто содржат аудиовизуелни елементи само како дополнителни, како што се анимирани графички елементи, кратки рекламни спотови или информации поврзани со производ или неаудиовизуелна содржина). Поради овие причини, игрите на среќа кои вклучуваат влог што претставува паричен износ, вклучувајќи лотарии, кладилници и други облици на коцкарски услуги, како и онлајн игрите и пребарувачите, но не и емитувањата посветени на коцкањето или на игрите на среќа, треба да бидат исклучени од Директивата (рецитал 22). Исто така, дефиницијата на аудиовизуелните медиумски услуги не ги опфаќа електронските верзии на весниците и магазините (рецитал 28).

- **аудиовизуелна програма -** Поимот „аудиовизуелна" се однесува на *„подвижни слики со или без звук, вклучувајќи ги и немите филмови, но не и аудио преносите ниту пак радиските услуги"* (рецитал 23), а поимот „програма" значи сет од подвижни слики со или без звук којшто сочинува засебен елемент од хронолошкиот редослед на програмите или од каталогот, изработени од давателот на аудиовизуелни медиумски услуги, чијашто форма и содржина се споредливи со формата и содржината на телевизиското емитување. Како примери за програми во Директивата се наведени долгометражните играни филмови, спортските настани, комедиите на ситуација, документарните филмови, програмите за деца и оригиналната драма.

Својствено е за аудиовизуелните медиумски услуги по барање да бидат „слични на телевизијата" - „TV-like", односно да се натпреваруваат за истата публика како и телевизиските радиодифузери, па поради својствата и средствата за пристап до аудиовизуелните медиумски услуги по барање, мошне веројатно е дека корисникот на тие услуги ќе очекува регулаторна заштита во рамките на оваа Директива. Во оваа смисла, а за да се спречат несоодветности во однос на слободниот проток и на конкуренцијата, концептот „програма" треба да се толкува функционално, при што ќе се зема предвид развојот на телевизиската радиодифузија.

Преку поимот „слични на телевизијата", Директивата меѓу другото, посочува на блискоста и споредливоста на аудиовизуелните услуги по барање и традиционалното телевизиско емитување програма, пред сè затоа што овие два вида даватели на аудиовизуелни медиумски услуги се натпреваруваат за истата медиумска публика, но и поради продукциските сличности на нивната програмска понуда. Споредливоста во однос на продукциските карактеристики се однесува на повеќе аспекти, а дел од нив може да бидат:

- Квалитетот и професионалноста на продукциските елементи на програмата, (на пример во зависност од жанрот, кај информативната програма - користење водители или ангажирање новинари, кај играната програма - драматуршка обработка на содржината, професионална монтажа, тонска обработка и друго);
- Постоење одјавна и најавна шпица, што ја прави програмата засебна целина;
- Времетраењето на програмата – поверојатно е долгометражните програми да се сметаат за „слични на телевизијата", но ова никако не смее да значи дека секоја кратка содржина е однапред исклучена;
- Доколку програмата била претходно емитувана на линеарна телевизија, најверојатно е дека ќе се смета за „слична на телевизијата", но во обратна ситуација ова никако не смее да биде предуслов, односно доколку не била претходно емитувана на линеарна телевизија, тоа не значи дека не е „слична на телевизијата".

Ова се само дел од аспектите коишто може да се земат предвид при утврдувањето дали одредена услуга е „слична на телевизијата", што пак ќе значи дека претставува услуга по барање, а со тоа и дека е предмет на одредена регулација.

## **КРИТЕРИУМ 4.**

## **целта на услугата мора да биде да ја информира, забавува или едуцира пошироката јавност**

Двата предуслови коишто треба да ги исполнува одредена услуга за да го задоволи овој критериум се:

- **да информира, забавува или едуцира -** Овој критериум реферира на основните функции на новинарството, а со тоа и на медиумите - да информираат, забавуваат или едуцираат.
- **да се обраќа на поширока јавност -** Во однос на поимот „поширока јавност", во рециталот 21 е утврдено дека за целите на Директивата, дефиницијата на аудиовизуелни медиумски услуги ќе ги покрива само оние аудиовизуелни медиумски услуги (телевизиско емитување или аудиовизуелна медиумска услуга по барање) коишто се масовни медиуми, што значи дека тие се наменети за прием од страна на вкупната јавност и коишто може да имаат јасно влијание врз значаен дел од вкупната јавност. Ова секако треба да се гледа во однос на потенцијалната публика, а не во однос на реалната публика, односно дали поголем дел од вкупната јавност може да ја користи услугата, а не колкав дел вистински ја користел.

## КРИТЕРИУМ 5.

## услугата мора да се обезбедува преку електронски комуникациски мрежи

- **електронски комуникациски мрежи -** Во членот 2 од Директивата 2002/21/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот за заедничка регулаторна рамка за електронските комуникациски мрежи и услуги[6] електронските комуникациски мрежи се дефинирани како *„систем за пренос и, онаму каде што е применливо, комутациска или насочувачка опрема и други средства коишто овозможуваат пренос на сигнали преку жичен пат, радиобранови, оптички или други електромагнетни средства, вклучувајќи сателитски мрежи, фиксни (со комутација на кола или комутација на пакети, вклучувајќи и Интернет) и мобилни земски мрежи, електроенергетски кабелски системи, до степен до кој тие се користат за целите на пренос на сигнали, мрежи кои се користат за радио и телевизиско емитување, и кабелски телевизиски мрежи, независно од видот на информациите што се пренесуваат*".

  Оваа дефиниција се однесува на техничките средства, односно на инфраструктурата преку која одредена услуга, односно програма и станува достапна на јавноста. На пример, филмска содржина снимена на ДВД испратена по пошта, а којашто корисникот ја нарачал по електронска пошта, не се смета за услуга по барање. Оттука, она што е суштинско за овој критериум се средствата преку кои се испорачува услугата, а не начините на плаќање или на избор на услугата.

[6] Директивата 2002/21/ЕЗ е достапна на следниот линк: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32002L0021&from=en

## **КРИТЕРИУМ 6.**

***корисникот да има можност да ја гледа услугата во времето кога тој/таа ќе избере и на индивидуално барање, врз основа на каталог на програми избрани од страна на давателот на медиумската услуга***

Овој критериум произлегува од дефиницијата на аудиовизуелните медиумски услуги по барање утврдена во членот 1 од Директивата и подразбира исполнување на два подкритериуми, односно услугата да може да се користи:

- **во време избрано од корисникот, и**
- **од каталог на програми избрани од страна на давателот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

Овие две карактеристики (кој одлучува за времето во коешто програмата ќе се гледа и дали корисниците ја избираат програмата од претходно изработен каталог на програми), всушност ја претставуваат основната (највидливата) разлика помеѓу аудиовизуелните медиумски услуги по барање и линеарното телевизиско емитување.

# *Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*

Со донесувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во декември 2013 година), кој стапи во сила во јануари 2014 година, за прв пат регулаторната рамка во Македонија ги опфати и аудиовизуелните медиумски услуги по барање. Покрај правата, обврските и одговорноста на радиодифузерите и на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, со овој Закон се уредија и правата, обврските и одговорностите на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, со што беше имплементирана Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги.

Работењето на овие субјекти, Законот го уредува од два аспекти, и тоа:

- утврдува обврска пред да почнат да ја вршат дејноста, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги задолжително да достават пријава за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Формата и содржината на пријавата, како и постапката за евидентирање во регистарот се прецизно уредени со овој Закон.

- утврдува правила за основна заштита на јавниот интерес, како што се заштита на малолетниците, поттикнување на културната разновидност и спречување говор на омраза.

Што се однесува до насоките што овој Закон ги обезбедува во врска со утврдувањето критериуми за идентификување на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, а со примена на истиот пристап на утврдување на овие критериуми од Директивата, важно е да се напомене дека со имплементирањето на Директивата во македонскиот закон, практично се пресликани елементите што ги содржи секоја дефиниција за поимите коишто се значајни за утврдување на овие критериуми.

Подолу во табелата, споредбено се прикажани начините на коишто се дефинирани поимите „аудиовизуелна медиумска услуга", „аудиовизуелна медиумска услуга по барање" и „давател на аудиовизуелна медиумска услуга".

| поим | Директива за аудиовизуелни медиумски услуги | Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| --- | --- | --- |
| **Аудиовизуелна медиумска услуга по барање** | аудиовизуелна медиумска услуга по барање (т.е. нелинеарна аудиовизуелна медиумска услуга) претставува аудиовизуелна медиумска услуга што ја обезбедува давател на медиумски услуги, за гледање програми во моментот одбран од корисникот и по негово индивидуално барање врз основа на каталог на програми избрани од страна на давателот на медиумската услуга. | аудиовизуелна медиумска услуга по барање е нелинеарна медиумска услуга која ја обезбедува давател на аудиовизуелна медиумска услуга по барање и со која се обезбедува гледање програми во момент одбран од корисникот и на негово лично барање врз основа на каталог на програми утврден од страна на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга по барање. |
| **Аудиовизуелна медиумска услуга** | аудиовизуелна медиумска услуга е услуга дефинирана според членовите 56 и 57 од Договорот за функционирање на Европската Унија, која е под уредничка одговорност на давател на медиумска услуга и чија првенствена намена е снабдувањето програми за да ја информира, забавува и едуцира пошироката јавност преку електронски комуникациски мрежи во смисла на член 2 од Директивата 2002/21/ЕЗ. Таква аудиовизуелна медиумска услуга е или телевизиско емитување или аудиовизуелна медиумска услуга по барање. | аудиовизуелна медиумска услуга е услуга која ја обезбедува давател на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга и која опфаќа каква било форма на економска активност чија примарна цел е обезбедување на аудио или аудиовизуелни програми за да се информира, забавува и/или образува пошироката јавност преку електронски комуникациски мрежи. |
| **Давател на аудиовизуелна медиумска услуга** | давател на аудиовизуелна медиумска услуга е физичко или правно лице кое ја има уредничката одговорност за изборот на аудиовизуелната содржина на аудиовизуелната медиумска услуга и одлучува за начинот на којшто таа е организирана. | давател на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга е физичко или правно лице кое врши дејност на обезбедување на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга и има уредничка одговорност за изборот на аудио или аудиовизуелната содржина и го определува начинот на кој тие се организирани. Давател на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга, во смисла на овој закон, е радиодифузер или давател на аудиовизуелна медиумска услуга по барање. |

Од дефинициите утврдени во Законот произлегува дека за одредена услуга да се смета дека претставува аудиовизуелна медиумска услуга по барање треба да ги исполнува следните критериуми:

1. **да ја обезбедува давател на аудиовизуелна медиумска услуга по барање;**

2. **да опфаќа каква било форма на економска активност;**

3. **примарна цел да биде обезбедување аудиовизуелни програми за да ја информира, забавува и/или образува пошироката јавност;**

4. **давателот на аудиовизуелната медиумска услуга по барање да има уредничка одговорност за изборот на аудиовизуелните содржини и начинот на којшто тие се организирани;**

5. **да се обезбедува преку електронски комуникациски мрежи и**

6. **да обезбедува гледање програми во момент одбран од корисникот и на негово лично барање врз основа на каталог на програми утврден од страна на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга по барање.**

Истовремено, Законот ги утврдува и услугите кои не претставуваат аудио или аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа:

а) услуги што, пред сѐ, се нестопански и што не се во конкуренција со радио или телевизиското емитување, како што се приватните интернет страници и услуги што се состојат од обезбедување или дистрибуција на аудиовизуелна содржина создадена од приватни корисници за споделување и размена во рамките на заедници од интерес;

б) услуга на пренос, односно дистрибуција на програми за кои уредничката одговорност ја имаат трети лица;

в) каква било форма на приватна комуникација, како што е електронска пошта испратена до ограничен број примачи и

г) услуги чијашто примарна цел не е обезбедувањето програми, т.е. каде што секоја аудиовизуелна содржина е само случајна за услугата и не е нејзина примарна цел, како што се: интернет страници што содржат аудиовизуелни елементи само на помошен начин, како што се анимирани графички елементи, куси рекламни спотови или информации поврзани со некој производ или услуга која не е аудиовизуелна; игрите на среќа што вклучуваат паричен влог, вклучително и лотарии, обложување и други форми на услуги за коцкање; онлајн игри; пребарувачи; електронски верзии на весници и магазини и самостојни текстуално базирани услуги.

Досега во Македонија, во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се евидентирани само два субјекти – Македонски телеком и Оне.Вип, којшто почна да ги нуди услугите од неодамна.

Македонски телеком, чијашто услуга се нуди под називот MaxTV, на своите корисници им овозможува неколку услуги:

- поединечни програмски содржини (најчесто играни и документарни филмови, како и одредени спортски настани) за одреден финансиски надоместок, а дел од содржините и бесплатно, да ги гледаат во период којшто тие ќе го изберат (MaxTV Видеотека)

- снимање на одредена содржина – ова му овозможува на корисникот, откако ќе ја сними програмата, да ја гледа во време коешто нему му одговара. Веројатно, ова е и најчесто употребуваниот начин за користење на услугата по барање, којшто му овозможува на корисникот одреден вид контрола над цврсто утврдената програмска шема на линеарните телевизии. Секако, тој однапред треба да знае дека програмата којашто сака да ја сними ќе биде емитувана на линеарна телевизија и да има сознанија за времето на емитување.

- програмата на дел од домашните телевизии (МТВ 1, Сител, Канал 5, Телма, Алфа, Алсат М и Нова) емитувана во последните три дена може да се гледа одложено, без претходно корисникот да закажал снимање. Овој начин на користење на услугите по барање, на корисниците им овозможува уште поголема флексибилност отколку првиот, поради тоа што овозможува програмата да ја гледаат и оние коишто претходно не нарачале нејзино снимање.